

КАРПОШ

неделен

Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
22 - 28 септември 2026 Билтен бр. 653

ВЕНДИНГ УРЕД ЗА СОБИРАЊЕ НА МАЛ ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД ВО ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“

Во ООУ„Петар Поп Арсов” поставен е специјализиран вендинг уред за собирање на мали отпадни електрични и електронски уреди. Оваа акција се реализира во соработка со ЕЛКОЛЕКТ ДОО и Општина Карпош, а целта е најмладите да научат како правилно да постапуваат со електронскиот отпад како и да придонесат кон заштита на животната средина. Преку оваа иницијатива, учениците се информираат за значењето на правилното собирање и рециклирање на електронскиот отпад, кој често завршува на несоодветно место. Во поставениот вендинг уред, учениците имаат можност да донесат мали електрични и електронски уреди кои повеќе не ги користат и со тоа ќе добијат тикет за секој правилно одложен отпад.

За најактивните ученици, односно оние кои ќе добијат најмногу тикети, следува награда, а награда предвидена е и за училиштето. Со правилно собирање на електронскиот отпад, учениците учат дека грижата за животната средина започнува од секој од нас.



МЛАДИТЕ МАРИН И ЕНА ИВАНОВСКИ СО ЗНАЧАЈНИ СКИЈАЧКИ УСПЕСИ

Младите скијачи од Карпош, Марин и Ена Ивановски, зад себе имаат успешна сезона исполнета со значајни резултати на домашни и меѓународни натпревари.

Марин Ивановски, ученик во осмо одделение во ООУ „Димо Хаџи Димов“, во сезоната 2025/2026 година е прогласен за државен првак во дисциплините слалом и велеслалом, како и за првопласиран во генералниот пласман на Алпскиот куп при Скијачката федерација на Македонија (СФМ) во категоријата до 14 години.

На меѓународните натпревари, Марин го освои второто место на ФИС-трка за деца до 14 години во дисциплината велеслалом, додека во слалом, на натпреварот во Арџена, Косово, се пласираше на третото место.
Успешна сезона има и Ена Ивановска, поранешна ученичка во ООУ „Димо Хаџи Димов“, која е првопласирана во генералниот пласман на Алпскиот куп при СФМ во дисциплините слалом и велеслалом.

Марин и Ена се долгогодишни членови на Ски-клубот „Меденица“ – Скопје, кој е прогласен за најдобар клуб во алпско скијање во земјава.
Општина Карпош им упатува честитки на Марин и Ена Ивановски за постигнатите резултати и им посакува нови успеси во идните натпреварувања.



КОНКРЕТНИ ПОТРЕБИ, СИСТЕМСКА ПОДДРШКА

Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, оствари средба со претседателот на Здружението „РАСТ“, Александар Петровски, и претседателката на Здружението „Дајте ни крилја“, Ребека Јанковска-Ристески, на која се разговараше за секојдневните потреби на лицата со попреченост и нивните семејства.

Меѓу конкретните иницијативи беа можноста за обезбедување заеднички простор за работа на три здруженија, возило за превоз на деца од дневниот центар до училиште, дом или определен пункт, како и подготовка на стратегија и план за континуирана поддршка во рамки на можностите и надлежностите на Општината.
На средбата беше истакната и потребата од отворање дополнителен дневен центар, како и од создавање услови за самостојно живеење на лицата со попреченост.

Ваквите разговори се важни затоа што зад секоја иницијатива стои конкретна потреба, семејство и секојдневен предизвик.

Целта е поддршката да не биде повремена, туку континуирана, организирана и насочена кон решенија што реално можат да го олеснат животот на лицата со попреченост и нивните семејства!



ЈАВЕН ПОВИК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ЗА ЖЕНСКО И МАШКО ЗДРАВЈЕ

ЈАВЕН ПОВИК за реализација на проекти за женско и машко здравје, како дел од програмските активности од годишната Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош

Јавниот повик трае 7 дена од денот на објавување.
Линк до повикот —> https://tinyurl.com/53nz45f9



ОФИЦИЈАЛНО ОТВОРЕНИ УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ ВО КАРПОШ

Во присуство на градоначалникот Сотир Лукровски, на спортските терени во ООУ „Јан Амос Коменски“, официјално беа отворени овогодинешните училишни спортски лиги.
Градоначалникот Лукровски ги поздрави присутните и истакна дека Општина Карпош континуирано вложува во спортот и обезбедува поддршка за младите спортисти и спортските таленти.

„ Овие училишни спортски лиги се одлична можност, нашите ученици од сите десет основни училишта, активно да спортуваат преку целата година, развивајќи го на тој начин спортски дух, компететивноста, но и дисциплината. Во спортот како што велат, најважно е да се учествува, но исто така, важно е и да се победува. Се надевам дека еден ден, како спортисти, гордо ќе го носите и претставувате и репрезентативниот дрес на Македонија, а ние како раководство на нашата Општина, сме тука за да ви обезбедиме максимално добри услови за да можете вие да го развивате вашиот спортски потенцијал“ – нагласи Лукровски.
И оваа година, училишните спортски лиги традиционално ќе се одржуваат во фудбал и кошарка за момчиња, како и одбојка за девојчиња. Натпреварите во кошарка и одбојка ќе се одржуваат во спортската сала „Партизан“, додека фудбалските натпревари ќе се играат на спортските терени во населбата Влае.
Со реализацијата на училишните спортски лиги, Општина Карпош продолжува да создава можности за активно спортување, дружење и развивање на спортските вештини кај најмладите.



„ОТВОРЕН ДЕН“ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош го одржа третиот „Отворен ден“, со цел унапредување на директната комуникација со граѓаните. Во холот на општинската зграда од 14 до 17 часот, голем број карпошани имаа можност лично да разговараат со градоначалникот Сотир Лукровски и со раководителите на општинските сектори, поставувајќи конкретни прашања и на непосреден начин споделувајќи ги своите проблеми и предлози.

Преку транспарентна и двонасочна комуникација, Општина Карпош продолжува да гради отворен однос со своите сограѓани, залагајќи се за нивно активно учество во креирањето на локалните политики и решенија.



БЕСПЛАТНИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ПРЕГЛЕДИ ЗА ПЕРИФЕРНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ ВО КАРПОШ

На иницијатива на ГОБ „8 Септември“, со поддршка од Општина Карпош, започнаа бесплатни специјалистички прегледи за пациенти со периферна артериска болест.

Прегледите се реализираат во соработка со одделенијата за кардиологија и радиологија при ГОБ „8 Септември“ и ќе траат пет работни дена. Пациентите ќе имаат можност да направат и артериски доплер, дијагностичка метода за проценка на протокот на крв низ артериите.

Околу 30 пациенти, пријавени преку матичните лекари од територијата на Општина Карпош, ќе ја искористат можноста за бесплатен преглед.

Активноста има за цел да придонесе кон навремена превенција, дијагностика и следење на здравствената состојба на граѓаните.

Општина Карпош продолжува да поддржува иницијативи што придонесуваат за унапредување на здравствената грижа и подобрување на условите за превенција и навремена дијагностика.



СРЕДНОШКОЛЦИ ОД „ГУЦ“ ВО ПОСЕТА НА СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Околу 20 ученици од четврта година, од архитектонскиот отсек при СГГУГС „Здравко Цветковски“ – ГУЦ, беа во посета на Општина Карпош, каде имаа можност одблизу да се запознаат со работата на Секторот за урбанизам. Целта на посетата беше учениците да стекнат практични знаења и да видат како функционира општинската администрација во областа на урбанизмот, поврзувајќи го своето теоретско образование со реалната работа на терен. Урбанистите од Општина Карпош ги запознаа средношколците со надлежностите на општината, организацијата и динамиката на работата, како и со секојдневните задачи и обврски на вработените во секторот. Учениците активно се вклучија во дискусијата, поставувајќи прашања и интересирајќи се за теми поврзани со нивната образовна и професионална област. Општина Карпош останува отворена за посети на ученици од основните и средните училишта, со цел преку непосредно запознавање со работата на локалната самоуправа да придонесе кон нивната практична наобразба и надградување на знаењата.



ВАНДАЛИЗИРАНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО КАРПОШ 1

За жал, повторно сме сведоци на вандализам врз јавната и урбаната опрема. На детското игралиште во Карпош 1 се оштетени повеќе детски реквизити, како и дел од останатата урбана опрема. Општина Карпош секоја година издвојува средства за одржување, обновување и унапредување на јавните површини, а континуирано инвестира и во поставување и реконструкција на детски игралишта и урбана опрема.

За жал, вложувањата во создавање безбедни и уредни простори за најмладите повторно се доведуваат во прашање поради неодговорното однесување и вандалските случаи.

Јавните површини се заедничко добро на сите граѓани. Ги повикуваме сите да се однесуваме одговорно и заеднички да придонесеме за нивно зачувување.



ВО ЗНАК НА ПОЧИТ, ЗАЕДНИШТВО И СОЖИВОТ

Градоначалникот Сотир Лукровски присуствуваше на свеченото одбележување на Меѓународниот ден на Бошњаците, кое се одржа на 27 септември во Малата сала на Филхармонијата на Република Северна Македонија. Настанот беше посветен на богатото културно наследство, традицијата и идентитетот на бошњачкиот народ, но и на вредностите што нè поврзуваат – меѓусебното почитување, разбирањето, соработката и заедништвото.



„МЕГА ЛИФТОВИ“ – ПОБЕДНИЦИ НА ТУРНИРОТ „СОКОЛ 2026“

Во прекрасна спортска атмосфера и пред полни трибини, на спортското игралиште во Карпош 1, вечерва се одигра финалниот натпревар од меморијалниот турнир во мал фудбал „Оливер Соколов-Сокол“. Екипата на „МЕГА ЛИФТОВИ“ со убедлива и сигурна игра ја совлада екипата на „РУДИ КОМПАНИ“ и заслужено го освои победничкиот пехарот на овогодинешниот турнир. На големото финале присуствуваше и градоначалникот Сотир Лукровски кој им ги врачи пехарите на најдобрите екипи. „Чест ми е што Општина Карпош и годинава беше домаќин на меморијалниот турнир „Оливер Соколов – Сокол“, кој низ годините прерасна во препознатлив дел од спортскиот живот на општината. Посебно ми е драго што натпреварите беа проследени од голем број на граѓани, а тоа само го потврдува фактот дека спортот има посебно место во Карпош. Им честитам на победниците, но и на сите екипи кои беа дел од турнирот и покажаа фер-плеј и спортска атмосфера.“, истакна градоначалникот Лукровски. Честитки до победниците и до сите учесници на турнирот „Сокол 2026“!



ЧЕСТИТ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА БОШЊАЦИТЕ!

Општина Карпош упатува искрени честитки до сите припадници на бошњачката заедница по повод Меѓународниот ден на Бошњаците. Овој ден е потсетник на богатото културно и историско наследство, традицијата и јазикот на Бошњаците, но и на вредностите што нè поврзуваат – почитувањето, соживотот, различностите и заедништвото. Заедно да продолжиме да градиме општество во кое секоја заедница го негува својот идентитет и култура, а различностите се препознаваат како наша заедничка вредност. Честит Меѓународен ден на Бошњаците!

